Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18), **Општина Штип**, на ден 21.04.2022 година, донесе

**Одлука за неспроведување на стратегиска оцена**

1. За урбанистичко планска документација за измена и дополнување на ДУП за дел од поранешна ПИ „Македонка", дел од УБ 68 со опфат на ГП 4.6 и ГП 4.7, Општина Штип, кој се носи согласно Генералниот урбанистички план на Штип, (одлука бр.08-1142/1 од 29.12.1999г) и Програма за изработка на урбанистички планови за 2020 година со број 08-6907/1 од 26.12.2019 год. не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.

2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на www.stip.gov.mk.

3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена и на формуларите за потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена донесувањето на урбанистичко планска документација за измена и дополнување на ДУП за дел од поранешна ПИ „Македонка", дел од УБ 68 со опфат на ГП 4.6 и ГП 4.7, Општина Штип, К.О. Штип 1, Општина Штип нема да има влијание врз животната средина од следните причини: Активностите во оваа област ќе се насочуваат кон обезбедување на просторна функционална и обликувана целина на објекти и инфраструктура, односно како основна цел се насоките на идниот просторен развој, со создавање услови за планирање на организирани простори, дефинирање на оптимални решенија за организирање на основните функции преку анализа на постојната состојба и создавање на основна концепција за планираните површини со конкретни просторни, сообраќајни и инфраструктурни решенија. Во границите на планскиот опфат (местоположба во индустриската зона) како подрачје наменето за градење се предвидени градби со основна класа на намена Г2 – лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија како и класи компатибилни на основната класа и класата Е1-сообраќајни линиски и други инфраструктури. Врз основа на детална анализа на постојната состојба и дефинираните цели на развојот, што се детерминирани согласно ГУП за град Штип, во границите на планскиот опфат не постојат објекти кои би влијаеле на загрозувањето на животната средина.

4. Против оваа одлука може да се поднесе жалба до Министерството за животна средина и просторно планирање преку Одделение за урбанизам, градежништво, станбени работи и заштита на животна средина при Општина Штип во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

Бр.18- 2190/7
Штип

м.е.СТ

Градоначалник
на Општина Штип
Иван Јорданов

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА ШТИП